# Извештај од постигнувањето на целите наведени во Стратешкиот план на ФФМ (2016-2021-2016)

| | |
|---|---|
| Година: | 2017 година |
| Подготвил: | Раководители на оддели при ФФМ<br><br>Генерален секретар |

**Фудбалот на прво место, создаваме можности.**

Изминатата година за ФФМ беше година во која напорно работевме према нашата визија, мисија како и главните стратешки цели согласно Стратешкиот план 2016-2021. Нашите активности се стремеа кон промовирање на нашите вредности со кои вршиме грижа за играта која сите ја сакаме и придонесуваме за нејзин развој и посветла иднина.

Согласно креираната рамка на кратки, средни и долгорочни цели во кои сите заедно вклучувајќи ги и заинтересираните страни работевме градејќи подобра и поздрава средина за сите кои сакаат да бидат дел од нашиот фудбалски свет. Сите заедно обединети во радоста што фудбалот ја носи, продолжуваме и понатаму, не скршувајќи од зацртаните цели, но и изнаоѓајќи решенија и нови начини како да се справиме со предизвиците на кои наидуваме на патот кон успехот.

Наидовме на предизвици и потешкотии, се трудевме да изнајдеме нов пристап за остварување на зацртаните цели иако го надминеме рокот. Многу е важно за раководењето со фудбалот да останеме и понатаму транспарентни и да продолжиме да влеваме доверба кај сите кои допринесуваат за развојот на фудбалската игра.

Нашите натпреварувања испраќаат јасна порака колку луѓето го сакаат фудбалот. И не само на професионално ниво, туку и на аматерско, каде секојдневно се одигруваат натпревари ширум државата. ФФМ секогаш го става фудбалот на првото место. Затоа овој извештај го покажува начинот на функционрањето, постигнатите резултати, согласно зацртаните цели наведени во петте столбови на кои се заснова нашиот стратешки план.

Сениорски екипи – сезона 2017/2018

Резултати и масовност на фудбалери во Сениорски лиги е евидентно и контуинирано со зголемен број на регистрирани фудбалери и учество на клубови во разни натпреварување во сениорскиот фудбал.
Во националното Првенство сениори во (Прва МФЛ и двете Втори лиги ,,Запад и Исток,, вкупно има 102 клуба, а регистрирани вкупно 4805 фудбалери.
1. Прва МФЛ брои 10 екипи, а вкупно регистрирани фудбалери 823.

2.Втора МФЛ ,,ЗАПАД,, брои 10 екипи, а вкупно регистрирани фудбалери 718.

3. Втора МФЛ ,,ИСТОК,, брои 10 екипи, а вкупно регистрирани фудбалери 531 ,

4. 6 (шест) Регионални лиги кои се сочинети од :
4.1 Трета лига Централен регион 14 екипи;
4.2 Трета лига ЈугоЗапад регион 14 екипи;
4.3.Трета лига Исток регион 8 екипи;
4.4.Трета лига Југ регион 9 екипи;
4.5.Трета лига Запад регион 14 екипи;
4.6 Трета лига Север регион 13 екипи;
вкупно 72 екипи во сите региони , а вкупно регистрирани фудбалери 2733 ,

За сите години на сите учесници во сите лиги ФФМ донираше фудбалски топки.

Младински фудбал – сезона 2017/2018

Во делот на резултатите и масовноста на фудбалери и клубови во младински лиги имаме опаѓање во однос на изминатата година, од причина што е извршена промена на системот за натпреварување во Националното натпреварување и во млади категори. За сезона 2017/2018 вкупно има 150 клуба а регистрирани се 5329 фудбалери.

1. Супер лига брои 10 екипи по 4 категории (младинци 1999, кадети 2000, пионери 2001 и помлади пионери 2002) со вкупно 40 екипи, а вкупно регистрирани фудбалери 1232.

2.Втора младинска лига брои 10 екипи по 4 категории (младинци 1999, кадети 2000, пионери 2001 и помлади пионери 2002) со вкупно 40 екипи, а вкупно регистрирани фудбалери 902.

3.Регионални лига ,,Запад,, (ген.1999-2000) брои 8 екипи по 2 категори во регион (младинци 1999 и кадети 2000) каде учествуваат 8 X 2 екипи и вкупно 16 екипи, а а вкупно регистрирани фудбалери 654 во двете конкуренци.

4.Регионални лига,,Исток,,(ген.2001-2002) брои 12 екипи по 2 категори во регион (пионери 2001 и помлади пионери 2002) каде учествуваат 12 X 2 екипи и вкупно 24 екипи, а а вкупно регистрирани фудбалери 1035 во двете конкуренци.

5. 5(пет) Регионални лиги (Петлиња ген.2003- и Пом/петлиња 2004) кои бројат, по клубови =10x1 и 8X2,8X2 10x2,14X2 екипи по 2 категори во регион и тоа(петлиња и помлади петлиња генерација 2003-2004) учествува 90 екипи, а а вкупно регистрирани фудбалери 3640.

За сите години на сите учесници во Супер лига за млади категори на ФФМ има донирано фудбали за секоја категорија по 10 фудбали и комплет опреми и реквизити за сите генераци, се врши исплаќање на

Кординаторите на екипите кој учествуват во Кервер системот, .а за другите екипи се плакат сите налози на службени лица од страна на ФФМ. Од пролетен дел покрај сите горенаведени се планира да се плати и превозот на фудбалерите-екипите од Супер лига-Втора младинска лига и Двете Регионални лиги ,,Исток ,,и ,,Запад,,

Систем на натпревари 2017/2018

Натпреварувањето во Прва МФЛ брои 10 клубови и се игра четворо кружен систем-распоред.
Од сезона 2017/18 има 2 (две) Втори лиги (Исток и Запад) по 10 екипи со тро кружен систем-распоред.
Во третите лиги останува со 6 (шест) региона каде системот на натпревари го утврдува Управниот Одбор на истите региони.

Во младинските лиги системот за натпревари е променет и моментално Супер лига има 10 екипи во 4 категори и се игра трокружен систем на натпревари.

Во Втора младинска лига моментално има 10 екипи во 4 категори и се игра трокружен систем – распоред.

Во Регионални лига,,Запад,, (ген.1999-2000) учествуват по 8 екипи во 2 категори во регион и тоа(младинци1999 и кадети2000) и се игра четворо кружен систем –распоред.

Во Регионални лига,,Исток,, (ген.2001-2002) учествуват по 12 екипи во 2 категори во регион и тоа(пионери 2001 и помлади пионери 2002) и се игра дво кружен систем-распоред.

Во Регионални лига,,Полошки,,регион (ген.2003-2004) во период од сезона 2017-2018 каде моментално учествуват по 10 екипи во 1 категори во регион и тоа(петлиња 2003) и се игра тро кружен систем-распоред.

Во Регионални лига,,Скопски,, регион (ген.2003-2004) во период од сезона 2017-2018 каде моментално учествуват по 10 екипи во 2 категори во регион и тоа(петлиња 2003 и помлади петлиња 2004) и се игра тро кружен систем-распоред.

Во Регионални лига,,ЈугоИсточен,,регион (ген.2003-2004) учествуват по 8 екипи во 2 категори во регион и тоа(петлиња 2003 и помлади петлиња 2004) и се игра четворо кружен систем-распоред.

Во Регионални лига,,Пелагониско –Езерски,,регион (ген.2003-2004) моментално учествуват по 12 екипи во 2 категори во регион и тоа(петлиња 2003 и помлади петлиња 2004) и се игра дво кружен систем-распоред.

Во Регионални лига,,Скопски ФФМ,,регион (ген.2003-2004) учествуват по 8 екипи во 2 категори во регион и тоа(петлиња 2003 и помлади петлиња 2004) и се игра четворо кружен систем-распоред.

Детски лиги:
Сезона 2014/2015 (94 клубови и 4800 регистрирани играчи);
Сезона 2015/2016 (110 клубови и 7300 регистрирани играчи);
Сезона 2016/2017 (100 клубови и 7000 регистрирани играчи)
Сезона 2017/2018 (115 клубови и 7149 регистрирани играчи)
Постои зголемување на бројот на фудбалери во детските лиги во споредба со изминатата сезона како и со промената на системот на натрпеварување. Тенденција е овој раст да продолжи и понатаму.

Училишен фудбал:
Изготвениот проект со важност Септември 2017 – Јуни 2020, и одобрен од УЕФА, истиот се пролонгира да стартува од пролетниот дел на оваа година од причина зголемениот број на активности на Фудбалската федерација за изминатата година. Веќе се завршени преговорите до Асоцијацијата за училишен фудбал и е донесена одлука од страна на Управниот Одбор да се потпише договор со истите и овој проект да започне од Март 2018 година.
Цел на овој проект е директно влијание и привлекување на играчи од училишниот фудбал во локалните клубови и нивно регистрирање во Комет системот со што покрај тоа што допринесуваме за раст на сите нивоа ( машки, женски и футсал), влијаеме и на наведениот показател за успешност.

Женски фудбал
Во 2015 година -вкупниот број на фудбалери бил 760.
Во 2016 година-вкупниот број на фудбалери бил 861.
Во 2017 година после пререгистрацијата-вкупниот број изнесува 1070 фудбалери.
Во 2018 година -вкупниот број изнесува 939 фудбалери.

Во текот на изминатата година имаме намален број на регистрирани фудбалери во женскиот фудбал. Исто така и не се одржани предвидените настани за привлекување на девојчиња како што беше изминатите сезони поради зголемениот број на активности кои ги имаше ФФМ во текот на изминатата година. За оваа година предвидени се и пријавени се 640 фудбалерки за развојни турнири за генерација 2002-2003 и генерација 2004,2005,2006.

Женското младинско натпреварување трае веќе две сезони.
Во 2015 год вкупно имало 7 клубови.
Во 2016 год вкупно има 12 клубови.
Во 2017/18 год вкупно има 16 клубови.

За истите од страна на ФФМ е обезбедена фудбалска опрема.

Женски тренери:
Во 2015 год вкупно со Б лиценца-8
Во 2016 год вкупно со Б лиценца 19
Во 2017 год вкупно со Б лиценца 19

Футсал
Натпреварувањето во футсал има две лиги. Прва лига која брои 10 клубови и Втора лига која бори исто така 10 клубови.
Вкупно регистрирани футсал играчи за 2016/2017 сезона се 834.
Вкупно регистрирани футсал играчи за 2017/2018 сезона се 865.
Во футсал натпреварувањата имаме стагнација во однос на минатата година.

Фудбалски судии

Во изминатата 2017 година забележан е позитивен тренд за заинтересираност кај младата популација по однос фудбалски судија и со огромна доза на позитива заклучивме дека по трендот на намалување на бројката на судии во 2016 година, 2017 година донесе зголемување за неверојатни околу 90 проценти зголемување на бројот на судии (789).

За разлика од минатата година, 2017 година доведе до подобрување на судењето и до намалување на негативно доделени оцени од страна на контролорите. Ова се должи на поголемото ангажирање на Судиската комисија по однос на едукативните семинари спроведени во текот на целата година, како и многубројните предавања по однос на последните измени од Правилата на фудбалската игра кои беа имплиментирани во текот на 2017 година од страна на Судискиот борд на ФИФА.

Поради воведување на две Втори МФЛ, од натпреварувачката 2017/2018 година бројот на судии на Единствената листа на Прва и Втора МФЛ се зголеми. Така, сега Главната листа брои 56 судии, а на листата на асистенти има 75 судии (претходно главни 33, асистенти 67).

Ангажираноста на ФИФА судиите, а поготово на нашиот најдобар судија Александар Ставрев, е на високо ниво. Така, во текот на изминатата година, делегирањето беше следно – 5 натпревари во Лига Европа и еден квалификациски натпревар за СП Русија 2018, Ерменија – Казахстан. Останатите двајца ФИФА судии, Мечкаровски и Јакимовски имаа помал број на доделени натпревари, но секако и тие заедно со Ставрев одеа како дополнителни асистенти судии и беа дел од тимот кој многу успешно го презентираа Македонското судење во Европа.
Женските ФИФА судии беа дел од натпреварите од женската Лига на шампиони, како и квалификациски натпревари за Светско и Европско првенство.
Дел од Европското првенство во футсал во 2018 година кое се одржува во Словенија ќе биде нашиот најдобро рангиран ФИФА футсал судија, Бартон Јосип.

Судиски едукации

Судиската организација секоја година организира два семинари (летен и зимски) за судии и контролори, на кои што редовно се проверува физичката подготвеност на судиите, како и теоретската подготвеност на нив и на контролорите. Едукативниот дел, исто така, е задолжителен на секој семинар.
Зимскиот семинар во 2017 година беше организиран од 9 до 12 февруари во Велес, едукацијата и теоретскиот дел од семинарот беше во хотелот Гарденија, а фитнес тестот на Градскиот стадион во Велес.
Летниот семинар во 2017 година се спроведе во Охрид, во период од 10 до 13 август во хотелот Инекс Горица и на стадионот Билјанини Извори.
Да се напомене дека во текот на годината се спроведуваат и најмалку 4 фитнес тестови за проверка на физичката подготвеност на судиите. Нема некое правило за нивно спроведување, обично се организираат после 4 до 5 одиграни кола, најчесто на Градскиот стадион во Велес.

Тренери

Во месеците Април, Мај и Јуни 2017 се одржа курс за добивање на УЕФА Б тренерска диплома на која учество земаа 62 тренери, (предвиден раст од 45 тренери). Ова беше 23-та генерација на тренери кандидати за УЕФА Б Диплома, а заради големина на групата и поефективно изведување на предвидената настава и реализација на практично-теоретскиот испит, тренерите беа поделени во две групи и секоја од нив проследи двонеделна програма од теоретско-практични презентации кои одеа во насока на работа со млади категории. За овие тренери теоретскиот испит се одржа во три термини и тоа во периодот Јуни, Јули и Септември 2017.

Пред почетокот на натпреварувачката 2017/18 сезона, во месец Август 2017, а заедно со тренерската организација на ФФМ, го организирше редовното годишно лиценцирање на сите тренери кои се активни

во натпреварувањата на ФФМ. Тука спаѓаат тренери кои работат во Прва и Втора МФЛ, младинските лиги, женски фудбал како и футсал лигите.

Во периодот Октомври, Ноември и Декември 2017 Центарот за Едукација ја започна едукацијата на тренери кандидати за добивање на УЕФА А Диплома. Ова е 12-та генерација на тренери и во неа учество земаа вкупно 46 тренери.

Како дел од Грасрут програмата за развој на фудбалот во детските лиги на ФФМ, одделот за грасрут заедно со Центарот за Едукација спроведоа реализација на програмата за едукација на тренери и родители вклучени односно инволвирани во натпреварувањата на Детските лиги на ФФМ. За таа цел во периодот 1 – 3 Ноември 2017 се одржа семинар за тренери за добивање на Национална Ц Лиценца, на кој присуствуваа 54 тренери, додека во периодот Ноември – Декември 2017 се одржаа три регионални еднодневни семинари за едукација/советување на родители чии деца се членови на клубови кои се натпреваруваат во детските лиги на ФФМ – Национален Сертификат за лидери (Д – лиценца). Регионалните семинари беа организирани на 15 Ноември во Охрид, 16 Ноември во Битола и на 5 Декември во Скопје, каде присуствуваа 180 родители.

Согласно програмата на УЕФА за остручување и усовршување на тренерскиот кадар во фудбалските асоцијации, ФФМ беше поканета да присуствува на меѓународни семинари за размена на искуства и знаења во три различни држави и на три различни теми:

- Март 2017 на тема Грасрут фудбал, Осло – Норвешка
- Септември 2017 на тема развој на женски фудбал, Фарски Острови
- Ноември 2017 на тема едукација на тренери и развој стручен кадар

На сите овие семинари, ФФМ го испрати одговорниот за односниот оддел како и тренери/интруктори инволвирани соодветни на темата на семинарот. Идејата на овие семинари е размена на сопствените искуства и знаења со повеќе држави од европа а со цел подобрување на ситуацијата во одделот каде тие стручни лица/тренери припаѓаат.

Во периодот 2016/2017 а во согласност со развојот на женскиот фудбал, зголемување на тренери-жени со УЕФА Б Диплома, вкупно 14 жени/девојки се стекнаа со ова ниво на стручност и сега вкупна бројка на жени тренери носители на УЕФА Б Диплома е 19. Седум од овие тренери го следат курсот за добивање на УЕФА А Диплома. Завршниот семинар е во месец Март 2018.

Во склоп на УЕФА годишната конференција за едукација на тренери, ЦЕ на ФФМ одржа состанок и со координаторот на УЕФА за едукација на тренери на голмани за добивање на УЕФА А Диплома за тренери на голмани, Г-дин Јан Ерик Стинесен од Норвешка. Договорен е старт на програмата за овој курс за месец Април а по претходно успешно завршена односно реализирана програма за добивање на Национална Б лиценца за тренери на голмани која ја посетија вкупно 26 кандидати од кои, по препорака на УЕФА, 16 ќе продолжат со следење на програмата за УЕФА А – тренери на голмани. УЕФА го назначи и Г-дин Ватрослав Михачич од Хрватска како уште еден ментор кој ќе го следи спроведувањето на оваа програма во рамките на УЕФА тренерската конвенција.

Поради зголемените активности изминатата година не бевме во можност да одржиме семинар за фитнес тренери, подготвката е завршена, критериумите се одредени и стартот ќе биде во Мај 2018.
Во текот на изминатата година издадени се два броја од стручното списание За Тренерот, публикација од страна на ФФМ Центарот за едукација и нејзините партнери, Факултетот за физичка култура и останати лица.

## Безбедност и сигурност

Во текот на изминатата година е намален бројот на инциденти, но сепак од одредени навивачки групи имало инциденти и тоа со: (внесување,палење на пиротехника за време на натпревар, извикување на зборови и пеење на песни со предизвикување на верска и национална омраза, истакнување на транспаренти, фрлање на предмети, влегување на терен, извикување на навреливи и вулгарни зборови) но како што истакнавме овие инциденти се во намален број во однос на претходните натпреварувачки сезони.

Во однос на меѓународните натпреварувања:
Организацијата за натпреварот Македонија-Албанија кој беше со висок ризик, а се одигра на стадионот ,,Младост,, во Струмица беше оценето со висока оцена.
Што се однесува до натпреварите на гостински терен сите натпревари поминаа во најдобар ред,
Според годишниот План за работа на Комисијата за безбедност, на натпреварите имаше присуство на членови од комисијата за безбедност.
Останатите меѓународни фудбалски натпревари од категориите (У-16, У-18, У-19, женската репрезентација) кои се одиграа и беа организирани од страна на ФФМ немаше никакви инциденти и забелешки.
Комисијата за безбедност и Одделот за Интегритет и Безебедност земаа активно учество во организирање историскиот фудбалски натпревар СУПЕР КУП ,,СКОПЈЕ 2017,, натпревар одигран помеѓу екипите на ,,Реал Мадрид,, и ,,Манчестер Јунајтед,, на националната Арена ,,Филип Втори Македонски,, во Скопје. Во делот на безбедноста и сигурноста за натпреварот беа превземени зајакнати мерки и активности, во координација со претставници од оделот за безбедност на УЕФА, Агенцијата за приватно обезбедување ,,СГС,, и Министерството за Внатрешни Работи на Република Македонија, активностите беа според правилниците на УЕФА, ФФМ и постоечките закони на Р.Македонија. Натпреварот помина без инциденти во најдобар ред, освен влегувањето на еден гледач од трибина на терен упатувајќи се кон играчот ,,Реал мадрид,, -Роналдо, со цел да се фотографира.

## Зајакнување на професионалните капацитети на фудбалската администрација

Во текот на изминатата година, фудбалската администрација беше дел од многу семинари и воркшопи кои се користеја за зголемување на познавањата од секоја област поединечно, како и размена на искуства со останатите членки асоцијации на УЕФА.
Организаиран е и во тек Сертификат за фудбалски менаџмент во организација на УЕФА, каде учество земаат вработените од секретаријатот на федерацијата како и преставници на фудбалските клубови со цел надградба во делот на фудбалскиот менаџмент. Оваа настава се одржува во Македонија.
Исто така имаме и еден преставник од ФК Работнички Скопје, кој е дел од наставата по фудбалски менаџмент организирана од страна на ЕСА (Европската клубска асоцијација).
Извршени се многу соработки и проекти со останати институции како Мобилност, Македонска Асоцијација за човечки ресурси, ФАРЕ и други.

## Организација на меѓународни натпревари

Организирани се многу меѓународни напревари и турнири во текот на изминатата година.
Организирани се два развојни турнири во женски фудбал, како и квалификациски У17 и У19 турнири во Македонија.
Организирани се сите домашни квалификациски натпревари на У21 и А репрезентацијата во Скопје и Струмица. За прв пат репрезентацијата игра надвор од Скопје кавалификациски дуели после долг период.
Успешна организација на Супер купот на Европа на кој учество земаа Реал Мадрид и Манчестер Јунаитед за што пофални зборови добивме од челниците на УЕФА и ФИФА кои и самите беа госит од овој мега

настан. Овој настан го подигна нивото на стручност кај учесници и остави белег не само во земјата туку и во опкружувањето.

## Инфраструктура

Континуирано се врши подобрување на инфраструктурата на стадионите низ државата.
ФФМ заедно со својата стручна служба за одржување на стадиони и механизацијата врши одредени активности на голем број на терени по претходно барање од истите.
Исто така, завршени се 8 стадиони од проектот поплавени терени, како и терените во с. Смиљковци и Сингелиќ.
Набавени се столчиња за одредени стадиони и истите се поставени на Спортскиот центар Истатов како и градскиот стадион во Кратово. Поставување на столчиња ќе следи и во 2018 година.
Извршена е огромна реконструкција на стадионот Младост во Струмица. На истиот се извршени надградба на осветлувањето, поставување на столчиња, изградба на две нови трибини итн. Со оваа реконструкција добивме уште еден стадион на кој репрезентацијата на Македонија ќе може да ги игра своите квалификациски натпревари. Истиот е висока 3та категорија и има капацитет од 5500 седишта.
Извршена е и раконструкција на Националната Арена Филип II во Скопје за потребите на Супер Купот, и сега имаме модерен стадион со кој можеме гордо да се пофалиме.

Сите стадиони тековно се регистрираат во КОМЕТ системот и за истите се води евиденција.
Комисијата за инфраструктура вршиконтинуирана посета и дава понатамошни напатствија за отстранување на недостатоците.
Во завршна фаза е сместувачкиот капацитет предвиден за академиите на ФФМ и УЕФА во склоп на куќата на фудбалот при Тренинг центарот на ФФМ. Закажано е свечено отварање на 15.02.2018 година.

## Маркетинг и комуникации

Во 2016 година следбениците на социјалните профили на Фудбалската Федерација на Македонија (Facebook, Twitter и Instagram) бележат пораст од 10%. ФФМ со поддршка од страна на УЕФА подготвува стратегија за унапредување на дигиталните платформи со цел да се максимизира потенцијалот на социјалните мрежи за комерцијални цели.
Во 2017 година забележан е следниот раст на број на следбеници на социјални мрежи: Facebook 4%, Twitter 33%, Instagram 242%, Youtube 18%

До почетокот на 2017 година базата на податоци на корисници со кои ФФМ остварува директна е-маил комуникација е зголемена за 45%. Во рамки на поддршката од страна на УЕФА за развој на дигиталната стратегија во тек е подготовка на акционен план за зголемување на базата на корисници со кои ќе се одржува директна комуникација.

Во 2017 година забележан е раст од 590% во базата на меил адреси со кои се одржува директна комуникација.

Сообраќајот на веб страните на ФФМ во 2016 бележи значителен пораст во однос на 2015 година. Сообраќајот на официјалната страна www.ffm.mk бележи пораст од 18 %, со рекордни 2.500.000 посети во 2016 година, страната www.fanshop.ffm.mk бележи пораст на прегледи од 30 % додека пак страната www.tv.ffm.mk на која се врши пренос во живо на натпреварите од прва и втора МФЛ бележи пораст од 1440 % во однос на 2015 година. Секако очекуваме пораст на бројот на посети на сите три страни, а на ТВ платформата која е новитет воведен во 2015 очекуваме стабилизирање на порастот.

Во 2017 година, главната страна на ФФМ – ffm.mk бележи благо опаѓање на сообраќајот од 7%, додека падот на сообраќајот на Fanshop.ffm.mk изнесува 8,7%. Според очекувањата во минатиот период, платформата за пренос на натпревари во живо tv.ffm.mk сеуште бележи значителен пораст во однос на 2016 година од 67%. Во консултација со експертот на ФФМ за информатичка технологија се дојде до заклучок дека падот во посета на веб страните на ФФМ воглавно се должи на промена на технологиите и навиките на корисниците, и беше донесен заклучок дека во 2018 треба да се имплементира нова веб страна која ќе биде во тек со технолошките трендови и чии содржини ќе привлечат повеќе корисници.

Со пласирање на новиот репрезентативен дрес во 2016 година е унапредена продажбата на онлајн фаншоп платформата. Во првите три месеци од започнувањена продажбата продадени се 160 црвени дресови, или пораст 190% во продажба во споредба со првите три месеци на продажба на дресовите од порвата гарнитура, при самото лансирање на онлајн платформата.
Продажбата на дресови во 2017 година во однос на 2016 е зголемена за 51%.

Емисијата Куќа на Фудбалот која претставува преглед на колото и дебатна емисија со гости во студио се емитува на КАНАЛ 5 телевизија секој понедел по вечерните вести.
Во 2017 година емисијата Куќа на Фудбалот се пренесуваше на ТВ НОВА во термин од 22.30 ч.

Во првиот дел од натпреварувачка 2017/18 сезона, во рамки на проектот за пренос на натпреварите во живо беше овозможено да се превземе сигнал од преносот од страна на ТВ НОВА со што дерби натпреварите од Прва МФЛ се пренесуваа на оваа телевизија
Во 2016 година платформата за пренос на натпревари во живо била прегледана 300.000 пати. Направен е пренос на 162 натпревари од ПРВА МФЛ, 104 натпревари од ВТОРА МФЛ и 10 натпревари од КУП на Македонија. Во просек гледаноста во 2016 година била 3000 прегледи по натпревар.

Во 2017 во однос на 2016 година посетеноста на сите содржини на tv.ffm.mk, што е и мерило на гледаноста, е зголемена за 67 %.

Рекламите за време на преносите се дел од понудата и пакетите на постоечките и потенцијалните комерцијални партнери.

Меѓународен успех

Изминатата година, А репрезентацијата на Македонија забележа рекорден скок на ФИФА ранг листата и истата пред Нова година ја задржа позицијата број 76 и е во рамките на зацртаната цел да се биде под 80 место. Во овој момент имаме подобрување за уште 3 места и сега сме на 73тото место на ФИФА ранкинг листата.

У21 репрезентацијата учествуваше за прв пат на Европското првенство во Полска, каде што од нејзиниот перформанс здоволни сме и покрај резултатите. Репрезентацијата покажа доблест и игра пркосејќи им на големите репрезентации. Со ова искуство, добивме репрезентативци за А пререзентацијата. Со ова учество преставува најголем успех на македонскиот фудбал.

| Место | Тим | ОДГ | П | Н | И | ДГ | ПГ | РГ | Б |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Шпанија | 3 | 3 | 0 | 0 | 9 | 1 | +8 | **9** |
| 2 | Португалија | 3 | 2 | 0 | 1 | 7 | 5 | +2 | **6** |
| 3 | Србија | 3 | 0 | 1 | 2 | 2 | 5 | −3 | **1** |
| 4 | Македонија | 3 | 0 | 1 | 2 | 4 | 11 | −7 | **1** |

Во текот на 2017 година репрезентацијата до 21 година ги имаше следните податоци:
Селектор: Благоја Милевски

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 9 |
| Победи | 3 |
| Нерешени | 1 |
| Порази | 5 |

Репрезентацијата (У-19) согласно утврдените цели, се пласираше во елитната група квалификации за Е.П. во Финска. Квалификациите ќе се оддржат во Март во Македонија. Истата ги има следните резултати:

(У-19) фудбалери родени 1999 год.
Селектор: Вујадин Станојковиќ

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 18 |
| Победи | 10 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 6 |

Репрезентацијата до 18 годнини ги има следните резултати:
(У-18) фудбалери родени 2000 год.
Селектор: Добринко Илиевски

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 7 |
| Победи | 3 |
| Нерешени | 1 |
| Порази | 3 |

Репрезентацијата (У-17) согласно утврдените цели се пласираше во елитна група на квалификации за Е.П. во Англија. Квалификациите ќе се одржат во месец Март во Полска.

(У-17) фудбалери родени 2001 год.
Селектор: Горан Станиќ

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 14 |
| Победи | 3 |
| Нерешени | 6 |
| Порази | 5 |

Репрезентацијата до 16 години ги има следните резултати:
(У-16) фудбалери родени 2002 год.
Селектор: Марио Вујовиќ

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 3 |
| Победи | 1 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 0 |

Репрезентацијата до 15 години ги има следните резултати:
(У-15) фудбалери родени 2003 год.
Селектор: Звонко Златановски

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 4 |
| Победи | 0 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 4 |

Академиите во склоп на ФФМ ги имаат следните резултати:

Национална Академија 3-та год.( родени 2000 год.)
Тренер: Добринко Илиевски

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 2 |
| Победи | 1 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 1 |

Национална Академија 1-ва год. (родени 2002 год.)
Тренер: Марио Вујовиќ

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 10 |
| Победи | 4 |
| Нерешени | 2 |
| Порази | 4 |

Академија УЕФА-ФФМ (фудбалери родени 2003 год.)
Тренер: Звонко Златановски

| | |
|---|---|
| Одиграни натпревари | 11 |
| Победи | 6 |
| Нерешени | 0 |
| Порази | 5 |

Вкупно одиграни меѓународни натпревари во 2017 год.

| | |
|---|---|
| Одиграни | 78 |
| Победи | 31 |
| Нерешени | 14 |
| Порази | 33 |